## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

### Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор

Резултати

**За преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај за 2014 година бр. 30-292/5 ОД 23.07.2014 година за извршената ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на ФУК и внатрешна ревизија во МТВ**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | Наод | Ревизорска област Препорака | Статус на препораката | Коментар на ревизорот/субјектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2.1.1. | **Контролна средина** | | | |
| | Согласно член 9 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во актите за внатрешна организација и систематизација на МТВ, предвиден е Сектор за финансиски прашања надлежен за вршење на работите од областа на финансиското управување и | Раководителот на субјектот да започне со активности за пополнување на работното место раководител на одделение за буџетска координација и раководител на одделение за буџетска | Во тек | Од страна на министерот на Министерството за транспорт и врски поднесено е Барање за согласност за обезбедување на финансиски средства бр. 04-12382 од 01.09.2014 година за пополнување на работно место Раководител на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | контрола и покрај недоволната кадровска екипираност на единицата за финансиски прашања обезбедено е функционирање, следење и развој на ФУК. Во Секторот се систематизирани 30, а пополнети се 8 работни места, при што не се пополнети работните места раководители на одделение за буџетска координација и одделение за буџетска контрола. | контрола со цел организирање, насочување и координирање на работата на наведените одделенија од областа на финансиско материјално работење и воспоставување на ефикасно и ефективно финансиско управување и контрола. | | одделение за буџетска контрола и Раководител на одделение за буџетска координација при што од Министерството за финансии не е добиена согласност.<br><br>Министерството за транспорт и врски на 12.01.2015 година со бр. 04-324/1 има поднесено барање за согласност за преземање на државни службеници од еден во друг орган (МТВ) за работно место раководител за буџетска координација во СФП. Оваа постапка е во тек. |
| 2.2.2. | **Инвентарисување на средствата и обврски** | | | |



1. Е. Прес [signature]
2. И. Крстанов [signature]

[signature]